РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Бр. 03-3570/1
12.07 2016 година
Скопје

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп 1 бр.08-347 од 08.07.2016 година за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

**Образложение**

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон и со одземање на дозволата од страна на Агенцијата.

Советот на Агенцијата на 26-та седница одржана на 08.07.2016 година, согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-3479/2 од 08.07.2016 година, донесе Одлука Уп 1 бр.08-347 од 08.07.2016 година со која ја одзеде дозволата на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена дозволата, поради тоа што издавачот на медиумот и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со член 15 став 1 и став 5 од Законот за медиуми, а во врска со член 15 став 6 од истиот Закон, со што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 20 став 1 алинеја 6, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14,101/14 и 132/14), а согласно член 10 став 5 и член 39 став 1 алинеја 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и Одлуката Уп 1 бр.08-347 од 08.07.2016 година за одземање на дозволата за радио емитување на

Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, се донесе решение како во диспозитивот.

Подготвил: м-р Тања Пачоска
Контролирал: м-р Ивона Муфишева А.
Одобрил: д-р Андриана Скерлев Чакар

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- ДРД ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга;
- Агенција за електронски комуникации.